РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 14-12-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-1411/1 | | | |

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. На кој начин ги консултираат младите при креирање на буџетот за 2023?
2. Ве молиме доставете ни записник од препораки/предлози за буџетот 2023 доставени од млади и младински организации?
3. Дали Советот на млади учествувал во расправата за креирање на буџетот за 2023?
4. Листа на предлози и препораки кои Советот на млади ги дал за буџетот за 2023

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **(в) фотокопија**
- **(г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 14.12.2022 година** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Гордана Цветковска Бошевска
Помлад соработник – спортски објекти и манифестации
Одделение за јавни дејности

Бр.11-141/2
16.12.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-141/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Примив: Цвет

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26 -12- 2022 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-141/3 | | | |


# ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за јавни дејности

Битола, 26.12.2023год.

До: Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување на
слободен пристап до информации од јавен карактер
Општина Битола

**Предмет**: Известување
Врска: Ваше барање бр. 11-141/2

Почитувана ,

Согласно Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Бр. 11-141/2 Ве информирам дека Општина Битола отпочна со процес на креирање на Стратегија за млади и во таа насока,беше формирана фокус група на која се дефинираа проблемите со кои младите се соочуваат во своите локални заедници, како и се предложија приоритети и предлог остварливи решенија. Исто така формирана е и работна група и беа одржани три средби каде повторно се дискутираше за состојбата и потребите на младите во Општина Битола согласно Процесот за изработка на Стратегија за млади за Општина Битола за период 2023-2027 година. На сите средби Локалниот младински совет е вклучен и активно учествува во процесот.

Во периодот што следува очекуваме локалните фасилитатори да ни го достават Нацрт текстот на локалната стратегија како и едногодишен Акциски план, па потоа се планира организирање на јавна расправа во просториите на Општината Битола со цел да се обезбеди широка вклученост на сите засегнати страни.

Со почит,

Гордана Цветковска Бошевска
Помлад соработник – спортски објекти и
манифестации

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-141/4
26.12.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **14.12.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од , по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр. 1 На кој начин ги консултираат младите при креирање на буџетот за 2023? Прашање бр. 2 Записник од препораки/предлози за буџетот 2023 доставени од млади и младински организации. Прашање бр.3 Дали Советот на млади учествувал во раaспрaвата за креирање на буџетот за 2023? Прашање бр.4 Листа на предлози и препораки кои Советот на млади ги дал за буџетот за 2023**(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-141/1
2. Допис до Гордана Цветковска Бошевска – Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр.11-141/2 од 16.12.2022
3. Одговор од Гордана Цветковска Бошевска – Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр.11-141/3 од 26.12.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 26.12.2022 година, под бр. 11-141/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk